# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГРАДСКО

Службен гласник на Општина Градско излегува по потреба

Број 3 година XXIII
02 мај 2018

**21.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за прв квартал 2018 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Градско за прв квартал 2018 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 30.04.2018 година.

Бр.09-240/1
02.05.2018год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Роберт Бешовски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 и член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (,,Сл. гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Советот на Општина Градско на седницата одржана на 30.04.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за прв квартал 2018 година**

1. Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Градско за прв квартал за 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-225/3
30.04.2018год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Александар Јорданов с.р.

**22.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Сл гласник на Општина Градско„ бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2018 година**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2018 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 30.04.2018 година.

Бр.09-240/2
02.05.2018год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Роберт Бешовски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 31 од Законот за Буџетите („Службен весник на Р.М.“ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 12 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско бр.2/06)
Советот на Општината Градско на седницата одржана на 30.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Градско за 2018 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Градско за 2018 година бр. 08-423/4од 28.12.2017 година, во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

„-коефициентот на градоначалникот изнесува 2,7, а основицата изнесува 26.755 денари“.

**Член 2**

Во член 13, став 2 по зборот „од“ се додава бројот „800,00“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Градско“.

Бр.08-225/4
30.04.2018год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Александар Јорданов с.р.

**23.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Сл гласник на Општина Градско„ бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за формирање на Совет за Јавно здравје**

Се објавува Одлуката за формирање на Совет за Јавно здравје, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 30.04.2018 година.

Бр.09-240/3
02.05.2018год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Роберт Бешовски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Сл.Весник на РМ“ бр.22/2010, 136/2011, 144/2014, 149/2015 и 37/2016) и член 8 од Статутот на Општина Градско („Сл.Гласник на Општина Градско бр. 02/06), Советот на Општина Градско на седницата одржана на 30.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет за Јавно здравје**

I.За подрачјето на Општина Градско се формира Совет за јавно здравје кој е составен од пет члена и тоа во следниот состав:

1. АлександарЈорданов, „Дрекслмаер“ -Кавадарци;
2. д-р Тодор Кичуков, ПЗУ „д-р Чаушевска - д-р Кичуков“ Градско;
3. Јованка Најдова, ПЗУ „д-р Чаушевска - д-р Кичуков“ Градско;
4. Јулијана Петрова, ПЗУ „д-р Чаушевска - д-р Кичуков“ Градско и
5. д-р Тони Димитриев, Центар за јавно здравје Велес.

II.Советот за јавно здравје ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје во Општина Градско, изготвуваат мислења, даваат иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Советот за јавно здравје работи на седници доколку има кворум за работа.

Членовите на советот на првата седница од редот на членовите избираат претседател на Советот за јавно здравје.

Советот донесува деловник за својата работа.

III.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Градско“.

Бр.08-225/5
30.04.2018год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Александар Јорданов с.р.

**24.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2018 година**

Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2018 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 30.04.2018 година.

Бр.09-240/4
02.05.2018год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Роберт Бешовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија бр. 66/2004; 139/2008; 99/2009; 149/2014; 150/2015 и 37/2016), Советот на Општина Градско, на седницата оддржана на ден 30.04.2018. година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2018 година**

Според законот, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата, да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести, кои се од посебно значење за Република Македонија.

Заради заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и Регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините а ги предлагаат Центрите за јавно здравје.

Општи мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во производството, подготвувањето, чувањето и прометот на храната;
3. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадувањење на човековата околина (вода земјиште воздух);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
5. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
6. Обезбедување на хигиенски исправна вода, вода во бањите, рекреативните базени, езера и други рекреативни објекти и природни лекувалишта;
7. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;

Општите мерки ги организираат и следат единиците на локалната самоуправа и одредени правни лица, во соработка со центрите за јавно здравје.

Посебни мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на извори на зараза (заболени или носители) и поставување на етиолошка дијагноза;
2. Пријавување на заразните болести;
3. Епидемиолошки истражувања;
4. Изолација, здравствен надзор, карантин, превози, задолжително лекување;
5. Имунизација и хемиопрофилакса;
6. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
7. Спроведување на здравствени-хигиенски прегледи;
8. Следење на интрахоспиталните инфекции и певземање мерки за нивна превентива;
9. Здравствена едукација.

Посебните мерки за заштита на населението од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширoки размери се спроведуваат и вонредни мерки за заштита на населението од заразни болести кои ги предлага Комисијата за заштита на населението од заразни болести при Владата на Република Македонија.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита. Со програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Градско.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Градско, во соработка и стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес. Заради заштита на населението од заразни болести во општина Градско, во 2018 година ќе се спроведат следните мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во производството, подготвувањето, чувањето и прометот на храната;
3. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода земјиште воздух);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
5. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
6. Обезбедување на хигиенски исправна вода во бањите, рекреативните базени, езера, и

други рекреативни објекти и природни лекувалишта;

7. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување.**

Согласно Одлука на Советот на Општина Градско водоснабдување на неколку населени места во општината врши ЈКП "Клепа" од Градско.

Општина Градско во 2018 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини исправна вода за пиење.

За да се обезбеди исправна вода за пиење за жителите, ќе се спроведат следните активности:

- Редовна контрола на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи, природните чешми и бунари,

По добивањето на месечен извештај за исправноста на водата за пиење општината односно ЈКП "Клепа" ќе ги превземе сите потребни активности за обезбедување на исправна вода за граѓаните.

- Редовно хлорирање на водата
- Навремено отстранување на секој настанат дефект во водоводната и канализиционата мрежа;
- Промотивни и други активности за рационално користење на водата за пиење;

**2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во производството, подготвувањето, чувањето и прометот на храната;**

Во согласност со Законот за безбедност на храна, ЈЗУ Центар за јавно здравје ќе спроведува:

- Консултантски услуги за воспоставување и примена на ХАСАП систем за контрола на безбедноста на храната во производството и промеетот;
- Здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- Лабораториски испитувања на суровини и готова храна;

**3. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадувањење на човековата околина (вода земјиште воздух);**

Според одлука на Општина Градско, организирањето, отстранувањето на цврст отпад и отпадни води го врши ЈКП "Клепа".

- ЈКП "Клепа" има склучено договори за собирање на цврст и друг бесопасен смет со домаќинствата и останатите вршители на дејност, во неколку населени места и контуинирано ќе продолжи да вклучува нови корисници на оваа услуга, со цел вклучување на сите населени места во организираното собирање, транспортирање, и депонирање на смет, со што ќе се обезбеди здрава и чиста животна средина за сите граѓани на општина Градско.

Во договорот многу добро се прецизирани обврските на корисникот и давателот на услугата како што се:

- Фрлањето смет само во контејнерите и местата за таа намена;
- Редовно собирање, празнење на контејнерите, транспортирање и депонирање на сметот;

Други активности:

- Собирање на дивите депонии и транспортирање на собраниот смет во депонијата Голема Глава во Градско;
- Редовно ќе се оддржуваат постоечките а по потреба ке се направат и нови канали, за атмосферски води со цел да се оневозможи загадување на воздухот, водата и почвата.

**4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;**

Законот за Заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни, социјални установи, објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, автобуски стојалишта, канализации, депонии и друго.

Спроведувањето на дезинфекција, дезинсекција и дератизација во јавните установи и објекти ќе се врши врз основа на барање или склучени договори помеѓу ЈЗУ ЦЈЗ велес, или други даватели на вакви услуги и корисниците на услугите.

**Превентивна Дезинфекција** ќе се врши во сите основни и подрачни училишта во периодот пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие.

**Дезинсекција** ќе се врши на целата територија на општината, со претходно мапирање на локациите и населените места каде присутството на комарците е поголемо, населените места низ кои течат реки, притоките, оризниците, депониите и сл.

Третирањето ќе се врши во март за ларвицидна дезинскеција и два пати и тоа во мај и јуни против возрасни комарци. Дезинсекцијата се изведува во раните утрински часови и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и сл. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот поволен термин. Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено се информираат преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведување на аеросолната дезинсекција.

**Дератизација** ќе се врши во стамбените реони (јавни површини како што се пазарите, диви депонии и др.) , во канализационата мрежа (во шахтите) и депониите за комунален отпад.

Системска дератизација се спроведува најмалку два пати годишно. Времето на изведување на дератизацијата треба да се изврши во текот на годината во две главни етапи и во периодот од март – јуни и септември – декември

5. **Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;**

Децата и учениците се најнезаштитената категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, и нивна заштита од заразни болести како што се заразна жолтица и други цревни заболувања, во 2018 година ќе се продолжат редовните посети на училишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на направените контроли на терен, училиштата ќе добиваат извештај за стекнатата состојбата, со предлог мерки за подобрување.

6. **Обезбедување на хигиенски исправна вода вода во бањите, рекреативните базени, езера, и други рекреативни објекти и природни лекувалишта**

Следење на исправноста на водата на реките Вардар, Брегалница и Црна Река како поголеми реки на територијата на Општина Градско, како и Подлешкото езеро кои од страна на населението се користат за рекреативно капење.

ЈЗУ Центар за јавно здравје прави анализа на водата од реките Вардар, Брегалница и Црна Река каки и водата во Подлешкото езеро. Доколку се констатира дека водата од реките и езерото е загадена, ќе се извести населението за да не се користат за рекреативно капење и ќе се превземат мерки за решавање на проблемот со загаденоста на реките.

7. **Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.**

- Советување на населението како да се заштитат од заразни болести и советување на лицата заболени од заразни болести.
- Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основните училишта.
- Следење на исправноста на водата за пиење од водоснабдителните системи со вршење на хемиски и бактероллошки анализи од страна на ЦЈЗ Велес.

Програмата ќе се финансира со средства од Буџетот на Општина Градско.

Бр.08-225/6
30.04.2018год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Александар Јорданов с.р.

**25.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година**

Се објавува Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 30.04.2018 година.

Бр.09-240/5
02.05.2018год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Роберт Бешовски с.р.

Врз основа на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите на Република Македонија и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02)

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 30.04.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година**

**I.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ОПШТИНАТА**

Општина Градско се наоѓа во средното Повардарие, распространета на двете страни од реката Вардар се до планината Клепа. Преку неа минува регионалниот пат Р-103 и железничката линија Скопје-Велес-Гевгелија-Грција.

Територијата на Општина Градско зафаќа површина од 290км2 и според големината како и според бројот на жители се вбројува во помали општини, со просечна густина на население од 13 жители на 1км2. Општината опфаќа вкупно 16 населени места од кои само 10 се активни. Централно место и седиште на општината е населбата Градско. Други активни населени места се: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Долно Чичево, Грнчиште, Кочилари, Ногаевци, Подлес и Уланци, а останатите 6 меѓу кои Двориште, Згополци, Куридере, Свеќани, Скачинци и Убого се неактивни. Во однос на седиштето на општината има населби кои се оддалечени до 5км, од5-10км и повеќе од 10км.

Според пописот од 2002 година Општина Градско брои 3760 жители. Во етничкиот состав на населението најбројни се Македонците (77,77%), Бошњаци (12,37%), Албанци (3,32%), Турци (1,89), Роми (3,38%), Срби (0,61%) и останати (0,66%). Според половата структура жени се 48%, а мажи 52%.

Во општинската администрација вработени се 23 лица од кои 9 се жени и 14 се мажи.

**II.ВОВЕД**

Во составот на Општина Градско формирана е Комисија за еднакви можности на жените и мажите како негово постојано тело. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во понатамошниот текст КЕМ) формирана е со цел да го промовира и имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е составена од пет членови од Советот на општината и координатор од вработените во општинската администрација кои треба да ги спроведуваат активностите планирани во Програмата, како и изготвување на Извештај за реализираните активности за предходната година.

ПРОГРАМАТА за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година ги дефинира следните ОПШТИ ЦЕЛИ:

- Промоција на концептот и прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво;
- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво;
- Креирање на институционални услови за промоција и развивање на правата на жените и човековите права за нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот;
- Промоција и развивање на правата на жените во областа на образованието и здраството;
- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво.

Задача на оваа **ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за работа на Комисијата за еднакви можностина жените и мажите за 2018 година** е вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

**III.АКТИВНОСТИ**

Табела со активности

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Се почестата појава и земањето замав на овие болести | Поттикнување на жената за редовни прегледи | -Трибина на тема ,,Превенција, откривање и лекување на рак на дојка“. | Спроведување на трибини |
| Недоволно познавање на Законот за еднакви можности на жените и мажите и правата и можностите кои произлегуваат од овој закон | Прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво | -Организирање на трибини за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите<br>-Изработка на информативен материјал | Спроведување на трибини<br>Дистрибуирање на флаери |
| Недоволно познавање во врска со поволностите кои ги нуди земјоделското стопанство | Информирање за можностите и условите за вклучување во земјоделското стопанство | -Трибина на тема ,,Жената земјоделец и менаџер,,<br>-Помош околу комплетирање на потребните документи за регистрирање како ИЗ или земјоделска фирма | Спроведување на трибини<br>Организирање на работилници |
| Постоењето на повеќе видови на дискриминација | Создавање услови за промоција и развивање на човековите права за нивно вклучување во за развој на заедницата во сите сфери како што се семејството, училиштето, средината и сл. | -Трибина на тема ,,Борба против половото насилство<br>-Промоција на мерките и механизмите кои постојат во државата со цел намалување на насилство врз жената | Спроведување на трибини |
| Се почестите заболувања од неправилна исхрана и гојазноста кај најмладите - децата | Поттикнување на свеста кај граѓаните за користење на здрава храна и согледувајќи ги бенефитите од тоа | Предавање на тема ,,Правилната исхрана-превенција од најразлични болести | Спроведување на трибини |
| Недостаток на простории во постоечката градинка | Зголемување на капацитетот на градинката | Доградба на нови простории | Број на простории |

Програмата е само предлог на КЕМ, се разбира сите активности кои ќе бидат дополнително предложени, а се реално остварливи, ќе бидат прифатени и реализирани со помош на Градоначалникот, ЕЛС, како и други субјекти кои се расположени за соработка, се со цел создавање **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ.**

Бр.08-225/7
30.04.2018год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Александар Јорданов с.р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Број на акт | С О Д Р Ж И Н А | Стр. |
|---|---|---|
| 21 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за прв квартал 2018 година** | 1 |
| | **О Д Л У К А за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за прв квартал 2018 година** | 1 |
| 22 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2018 година** | 4 |
| | **О Д Л У К А за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2018 година** | 4 |
| 23 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за формирање на Совет за Јавно здравје** | 4 |
| | **О Д Л У К А за формирање на Совет за Јавно здравје** | 4 |
| 24 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2018 година** | 5 |
| | **П Р О Г Р А М А за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2018 година** | 5 |
| 25 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година** | 8 |
| | **П Р О Г Р А М А за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година** | 9 |


*Издавач : Општина Градско тел. 043/251-522 fax. 043/251-856*

*Буџет на Општина Градско*
*Сметка: 100000000063095 Народна Банка РМ*
*Сметка на Буџетски Корисник 717014102563018*